РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 18.06.2025 | |
|---|---|---|---|
| Ор. един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2597/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21,154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2024 до 31.12.2024 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 18 јуни 2025 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Радиодифузерите кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво се должни од буџетот наменет за програми да издвојат најмалку 10% за Европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, при што најмалку половина од истите треба да бидат произведени во последните пет години.);

   - **Правилник за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти – пречистен текст** (Бр. 01-918/1 од 06.03.2025).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, направен врз основа на податоците доставени од радиодифузерот, не е констатирано прекршување на обврските од член 91 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

   Според доставениот Образец за европски аудиовизуелни дела и европски дела од независни продуценти (наш арх. број 03-1483/1 од 28.03.2025 година), Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, од буџетот наменет за програми во 2024 година, издвоило 45**%** за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти.

Сите европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, наведени во податоците доставени од радиодифузерот, се произведени во последните пет години.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***